EDUKATOR

THE EDUCATOR PROJECT A PILLAR OF SOCIAL INCLUSION IN ADULT EDUCATION



# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

## ДОБРА ПРАКСА 1

## OSLOMET

Ко-финансирано од Европска Унија

DIALOG of Transformation

FERI

IMPULSI

*Студијата на случај е базирана врз документите достапни на следниов линк: https://wydawnictwo.umcs.eu/js/elfinder/files/Ebook/Innovative_Teaching_Methods_Project_Management_in_Practice.pdf*



Oslo Metropolitan University (OsloMet) е државен универзитет во Осло, Норвешка.  Основан на 12 јануари 2018, претставува вториот најмлад универзитет во Норвешка. Се појавил како резултат на спојувањето на 30 универзитети во Осло, вклучувајќи го и универзитетскиот колеџ на Осло и Акершус. Познат е по иновациите во образованието.

За време на часовите, студентите работат на интерактивни документи, кои потоа ќе бидат променети и дополнети од страна на учесниците. Еден од иноватившнте методи на кој се фокусира универзитетот е  учење базирано врз проекти и оценување од страна на колегите. Со цел да се олесни групната работа, честопати се користи апликацијата Padlet, со оглед на тоа што содржи план на лекциите, теми, агенда, студии на случај, студенстки вежби, додатни образовни извори на информации и шаблони за проекти. Апликациите како на пример Playing.cards, Jigsawplanect, Thinglink или MazeMap обично се користат за проверка на знаењето на студентите низ игри. Единствена апликација која е користена од стана на цел OsloMet е Canvas e-learning, платформа која е финансирана од страна на универзитетот. Некои предавачи се претплатуваат и на други платформи кои ги сметаат посоодветни за сопствените студенти, како на пример Eduflow. Светски познатата норвешка апликација Kahoot исто така често се користи, како за време на часовите (предавањата), така и за мониторирање на знаењето на студентите и ефективноста на предавањата. Останатите апликации како на пример Slack, Brightspace, Blackboard, Socrative, Jamboard

и Pitch2peer исто така се интегрираат во процесот на образованието.

Универзитетот обезбедува редовни тренинзи за функционалноста на апликациите, со цел да им овозможи на сите предавачи да ги користат овие иновативни технологии на сопствените часови. Како дел од мрежата на универзитетот, предавачите може да ги споделат сопственото знаење, идеи и ресурси со цел да ја поттикнат и подобрат иновативната настава.

Во една анкета спроведена од страна на универзитетот, судентите одговорија на прашањето која, според нив, е најкорисната форма на активност на интернет платформите. Резултатите покажаа дека најкорисните активности на платформата се поврзани со нивното барање и можност за споделување (постирање) на фајлови со документи и учество во разговори. Како најмалку популарна се покажа можноста за постирање линкови на надворешни веб страници.

**Прашања поврзани со случајот на студија на OsloMet  споменат претходно:**

- Колку од претходно споменатите платформи ви се познати?
- Кои од нив ги имате користено?
- За кои платформи би сакале повеќе да дознаете?
- Кои се вашите следни чекори за добивање на повеќе информации поврзани со платформите?
- Иако учењето на дистанца не се смета за примарна цел на учење во обуката или работилницата, дали сметате дека овие платформи би имале ист ефект и би ги задоволиле очекувањата на учесниците? Наведете неколку причини кои ќе го поддржат вашиот став околу ова прашање.
- Наведете три предности и недостатоци на платформата за онлајн учење во работата со претставници од ранливата категорија на луѓе. Во својот одговор вклучете ги вашите размислувања околу разликите, социјалното вклучување и еднаквост на овие групи, како и практичните бенефиции кои би можеле да ги извлечат од ова.